# 2009








МЦМС

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# Содржина


3 Визија и мисија
3 Цели и методи
4 Порака од раководството
5 Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата
5 Модернизација на образованието
6 Македонија без дискриминација
8 Развиени мали и средни претпријатија – Раководење со МРФП
9 Одржлив локален и рурален развој
9 Локален развој на заедниците
10 Водоснабдување на општина Јегуновце
11 Добро владеење, партиципација и политики насочени кон луѓето
11 Добро управување во Македонија
13 Вкоренето и динамично граѓанско општество
13 Институционален развој на граѓанското општество
15 Прифатена културна разноличност, меѓузависнот и дијалог
15 Македонија – модел за дијалог на културите
16 Поддржан евроинтеграциски процес и регионална соработка
16 Раководење со балканската мрежа за развој на граѓанското општество
17 Партнерства, односи со јавност и поддршка
17 Односи со актери
17 Односи со јавноста
18 Поддршка – Одржлив МЦМС
18 Кампањи за мобилизација на фондови
20 Организација
20 Совет
20 Управен одбор
21 Персонал
21 Извршна канцеларија
22 Независно ревизорско мислење
23 Финансиски извештај 2009

## ВИЗИЈА И МИСИЈА

Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално.
МЦМС ја заснова визијата на универзалните принципи на граѓанско општество и партиципативна демократија, владеење на правото, рамномерен и одржлив социоекономски развој, ненасилство, почит и меѓузависност и културна разноличност.
Мисијата на МЦМС е да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми и предизвици, кои влијаат на другите актери и кои се вклучуваат во главните текови.

## ЦЕЛИ И МЕТОДИ

Долгорочни цели на МЦМС се:

- Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата;
- Прифатена културна разноличност, меѓузависност и дијалог;
- Одржлив локален и рурален развој;
- Добро владеење, партиципација и политики насочени од и кон луѓето;
- Вкоренето и динамично граѓанско општество, кое влијае на јавните политики;
- Поддржан евроинтеграциски процес и зајакната регионална соработка;
- МЦМС, независна организација и организација со кредибилитет, способна за силни и ефективни партнерства и сојузи засновани на еднаквост (на национално, на регионално и на меѓународно ниво);
- МЦМС е атрактивна и иновативна организација која учи, со локални корени и глобален поглед.

МЦМС активностите ги остварува преку програмски и организациски методи:

- Застапување (информирање, градење свест, едукација; креирање и влијание на политики; следење и барање одговорност);
- Развојна поддршка (капацитети и инфраструктура);
- Социјално - хуманитарна поддршка;
- Раководење и спроведување.

# ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО

Во 2009 година се чувствуваа негативните ефекти на глобалната економска криза, а кон крајот на годината се појавија првите знаци на заздравување. Во Македонија негативните ефекти од кризата беа помали и подоцни. Еден од ефектите на глобалната економска криза е намалување на буџетите на странските влади за развојна соработка.

Продолжија напорите на Република Македонија за интеграција во Европската Унија. Годината ја одбележа визната либерализација и позитивниот извештај на Европската комисија за напредокот на Македонија и препораката за почеток на преговори за членство, која на крајот сепак не беше усвоена од Советот на министрите на ЕУ, со одложување на одлуката по тоа прашање за следната 2010 година.

МЦМС во 2009 година имаше вкупен обем (портфолио) од 27 проекти и буџет од 88 милиони денари. Реализацијата на портфолиото е многу добра - 84 % од планот, а на буџетот 96 %. Буџетот во 2009 година е за 17 % повисок од буџетот во 2008 година.

Во овој период започнаа програмите Институционален развој на граѓанското општество (ИРГ) и Модел за дијалог на културите (МДК). Заврши спроведувањето на програмите Локален развој на заедниците (ЛРЗ), Кампањи за мобилизација на фондови (КМФ), а во завршна фаза е и програмата Водоснабдување на општина Јегуновце (ВОЈ) која ќе заврши во 2010 година.

МЦМС во 2009 година се посвети на утврдувањето на два предлог-закони: Законот за здруженија и фондации и Законот за спречување и заштита од дискриминација. Законот за здруженија и фондации е клучен дел за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со граѓанскиот сектор. Значајна активност се и форумите на заедниците кои се спроведуваат во рамките на програмата ДУМ, во општините Аеродром, Битола, Ресен, Берово, Радовиш, Конче и Карбинци.

Годината ја одбележа и регистрацијата на две мрежи, чиј иницијатор и основач е МЦМС: Македонија без дискриминација (МБД) и Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН). МЦМС е извршна канцеларија за БЦСДН, а Тања Хафнер-Адеми од МЦМС е избрана за извршна директорка на мрежата.

МЦМС имаше зголемена комуникација, со учество во работата на Националниот совет за европски интеграции и особено со активниот придонес за воспоставување на Заедничкиот консултативен комитет на граѓанското општество ЕУ-РМ, кој кон крајот на септември ја одржа својата конститутивна седница во Брисел.

Во делот на односи со јавноста, МЦМС комплетно го преуреди и промовира новиот изглед на својата веб-страница, која е поинформативна и технички многу напредна, што наиде на позитивен прием кај корисниците.

Александар Кржаловски е избран за извршен директор во октомври 2009 година, со што се комплетира Одборот на директори на МЦМС.



Сашо Клековски
прв извршен
директор





Александар
Кржаловски
извршен директор





# СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

## МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Цел на програмата е осовременување и модернизација на основното образованието во согласност со ЕУ стандардите.
Во текот на 2009 година беа реновирани пет основни училишта во рурални заедници и тоа во с. Конче (Конче), с. Црнилиште (Долнени), с. Нова Маала (Василево), с. Кукуречани (Битола) и с. Добрушево (Могила). Ова е една од ретките приватни донации, а ја обезбеди Сокотаб и неговите партнери. Ваквата соработка трае веќе три години. Проектите беа спроведувани во соработка со општинските администрации и раководствата на училиштата.

### ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА ЗА ОКОЛУ 1.200 УЧЕНИЦИ И НАСТАВНИЦИ

За 1.048 ученици и 141 вработен во пет училишта во руралните средини наставата се одвиваше полесно благодарение на проектите за модернизација на образованието што во текот на 2009 година ги спроведуваше МЦМС.
Основните училишта „Гоце Делчев" во с. Конче и во с. Нова Маала (Василево) се две од петте училишта каде МЦМС финансира делумна реконструкција.
Во училиштето во Конче, направена е демонтажа на старите и поставување нови прозорци и врати. Учениците, наставниците и родителите се презадоволни со подобрените услови. „Децата поминуваат доста време во училиштето и престојот таму треба да им биде пријатен", вели Данче Костадинова, мајка на четвртоодделенецот Кристијан. „Син ми е одушевен од промените", додава таа, „прозорците им биле поубави и од тие дома", раскажува таа со насмевка. „Јас имам две девојчиња во училиштето", се надоврза Славица Вчкова, „во второ и во четврто одделение. Разликата е многу видлива, нема провев, децата поретко се разболуваат, дури и тие што седат до прозорците, што порано беше неомилено место, сега немаат проблем", вели Славица.
Родителите, пак, на децата што учат во училиштето во с. Нова Маала имаа поинаков проблем. Незаградениот школски двор ја загрозуваше безбедноста на нивните деца. Сега, со поддршката на МЦМС направен е ограден ѕид на школскиот двор. Вклучените не го кријат задоволството од завршените работи. „Работата ја завршивме експедитивно и успешно на задоволство на сите родители, ученици и наставници", вели Ѓорѓи Цонев, советник во општината Василево. „Позитивните реакции не можат да се опишат со зборови. Овој проблем нè мачеше долги години затоа што децата во училиштето не беа безбедни, беа изложени на сообраќајот од улицата, ама сега тоа е зад нас.  Сите вклучени страни одлично соработуваа, процесот беше партнерски секогаш бевме во тек со тоа што се случуваше вклучително и со постапката за набавки и изборот на добавувач. Успеавме да ги завршиме сите преземени обврски. Општината имаше и сопствено учество во проектот во уредување на дворот и засадување зеленило, а сега се довршуваат патеките", додаде Цонев.



Со новите прозорци во ОУ „Гоце Делчев" во Конче, нема провев и децата поретко се разболуваат

## МАКЕДОНИЈА БЕЗ ДИСКРИМИНАЦИЈА

Целта на програмата е понатамошен развој на поддржувачка околина за еднакви можности на сите луѓе, односно недискриминација во Македонија.

Во оваа година беше реализирана една студиска посета во Виена, Австрија, каде учествуваа 10 претставници на владиниот и на граѓанскиот сектор кои имаа можност да ги посетат релевантните државни институции во Австрија, како и граѓанските организации кои работат во областа на заштитата од дискриминација. Исто така беа спроведени и четири обуки за недискриминација, на кои учествуваа 81 учесник. Обуките беа наменети за граѓанските организации, координатори за еднакви можности од речиси сите министерства, претставници на центрите за социјална работа, Министерството за труд и социјална политика, како и за претставници од Бирото на безбедност и раководни лица при МВР. Во рамките на проектот беше реиздаден Прирачникот за недискриминација, а беше подготвени и објавен истражувачкиот извештај „Барометарот за еднакви можности“. Беше подготвена и анализа на стандарди и примери на добра пракса во развојот на антидискриминаторската легислатива. На 16 јуни 2009 година се одржа основачкото собрание на Сојузот Македонија без дискриминација, кој функционираше како неформален сојуз од март 2008 г. Основачи на Сојузот се 11 граѓански организации. Во овој период беше подготвен Стратешкиот план на Сојузот Македонија без дискриминација 2010 - 2012.

## „БАРОМЕТАР ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ“

МЦМС го публикува извештајот од истражувањето наречено Барометар за еднакви можности. Истражувањето беше фокусирано на: перцепцијата на дискриминацијата, на искуствата и борбата против дискриминацијата, на познавањето на правата, како и ставот кон еднаквите можности за вработување.
Според резултатите, дискриминацијата по партиска основа се смета за најчест (78%) облик на дискриминација во Република Македонија, потоа следува дискриминацијата по етничка основа (55%) и дискриминацијата по основ на возраст (48,5%).
„Перцепциите не се поклопуваат секогаш со фактичката состојба“, рече проф. Виолета Петроска Бешка, една од авторките на извештајот. „Но, без разлика, тие се многу важни“.
Граѓаните тврдат дека се чувствуваат главно пријатно во врска со различноста во своето опкружување, единствено потребата за социјално дистанцирање од лицата со хомосексуална ориентација е многу високо изразена.
Дури 33,5% од испитаниците се изјаснуваат дека во текот на последната година биле жртва на дискриминација или малтретирање. Степенот на дискриминација во РМ е далеку поголем од просечниот степен на дискриминација во земјите на ЕУ.



Од лево: Виолета Петроска-Бешка, Наташа Постоловска, Александар Кржаловски и Мирјана Најчевска на промоцијата на извештајот

Во посебен дел од извештајот направена е анализа на податоците низ призмата на досегашните искуства или како што рече проф. Мирјана Најчевска, другата авторка на извештајот, „обид да се проблематизира сликата од извештајот“. Таа направи и врска помеѓу податоците од извештајот и актуелните напори за донесување закон за недискриминација и формирање посебно тело за еднаквост.
Анкетата е направена од страна на Центарот за човекови права и разрешување конфликти, во соработка со Брима од Скопје на примерок од 1.606 испитаници.

## СЕ ОСНОВАШЕ СОЈУЗОТ МАКЕДОНИЈА БЕЗ ДИСКРИМИНАЦИЈА

На 16 јуни оваа година се одржа основачкото собрание на Сојузот Македонија без дискриминација. Одлуката за формализирање е резултат на потребите од поорганизирано дејствување во областа на промоцијата на еднаквите можности и заштитата од дискриминација во Република Македонија. Македонија без дискриминација има за цел да придонесе кон праведно општество, без дискриминација, каде сите луѓе уживаат еднакви можности и придобивки од разноличноста.

„Корисноста од формализирањето не е насочена само кон граѓанските организации, ниту само кон работата на државните органи, туку кон граѓаните на Република Македонија", вели Мухамед Точи, од ХДЗР „Месечина". „МБД ја сочинуваат искусни организации зад кои стои долгогодишно работење во борбата против дискриминацијата по различни основи. Тоа искуство и нивните вештини и знаења ќе придонесат Сојузот ефикасно да се соочи со сите предизвици од оваа област".

На основачкото собрание беше избран составот на првиот мандат на Собранието на Сојузот Македонија без дискриминација. Основачите го донесоа Статутот, а Собранието ја усвои предлог–програмата и ги избра членовите на Управниот и на Надзорниот одбор.

Неколку дена подоцна, на 18 јуни 2009 година се одржа и конститутивната седница на УО. На седницата за претседавач на УО беше избран Мухамед Точи, а за заменик-претседавач, Мирјана Најчевска. Раководната канцеларија е во Полио плус, а Наташа Постоловска е назначена за в.д. извршен директор на Сојузот Македонија без дискриминација.

Кон крајот на 2009 година, МБД го формира Националното координативно тело во кое освен граѓанските организации членки во Сојузот и надвор од него, членуваат и претставници од владини институции, пратеници од различни политички партии, докажани експерти во областа на демократијата и заштитата од дискриминација.

Основачи на Сојузот се: Асоцијацијата за демократски иницијативи од Гостивар, Ел хилал, од Скопје, Македонскиот центар за женски права - Шелтер центар од Скопје, Македонскиот центар за меѓународна соработка од Скопје, Националниот совет на жените на Македонија - СОЖМ од Скопје, Полио плус-движење против хендикеп од Скопје, Првата детска амбасада на светот Меѓаши од Скопје, Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите „Месечина" од Гостивар, ХОПС – опции за здрав живот од Скопје, Центарот за човекови права и разрешување конфликти од Скопје и „Универзитет" Трето доба од Скопје.



Од основачкото Собрание на Сојузот МБД

# РАЗВИЕНИ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА – РАКОВОДЕЊЕ СО МРФП

МЦМС ги врши сите раководни, стручни и административни работи за Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП), како Институција за раководење.

Во 2009 г. се исплатени кредити во вкупен износ од 229.492.150 МКД (околу 3,7 милиони евра) кон 931 клиенти. Исплатениот износ за кредити е за 4% повеќе во однос на планираниот, а опфатениот број на клиенти е 93% во однос на планираниот број. Со овие кредити се поддржани 2.024 работни места, а со користењето на кредитите во правец на проширување на својата дејност, овие претпријатија планираат да вработат нови 546 работници. Со последното, вкупниот достигнат број на корисници до 31.12.2009 г. изнесува 7.253, со што се поддржани вкупно 12.877 постојни и 2.847 планирани работни места. Како и во претходниот период, најголем дел од средствата се пласирани преку микрокредитите (заемот тип 3), со кој се опфатени 909 микропретприемачи, или 97 % од вкупниот број на клиенти. Отплатата на кредитите од страна на финансиските посредници кон МРФП е во целост.



Корисник на кредит: Чичко Боге од Катланово во неговата работилница

Кредитите се исплатени преку акредитираните финансиски посредници: НЛБ Тутунска банка, ИК банка, штедилницата Можности и фондацијата Хоризонти (за прв пат акредитиран финансиски посредник).
Со наведените ФП на крајот од 2009 г. МРФП ги склучи новите рамковни финансиски договори со кои, меѓу другите новини, воспоставени се нови кредитни продукти наменети за кредитирање на ИТ, органско производство, туризам, бизнис почетници и за проекти подобни за финансирање од ИПАРД.

МРФП обезбеди програмска и организациска поддршка за спроведување на програмските активности на ССК, СКСЗМ и на Групата за развој на подсекторот домат и пиперка за периодот 2009-2011 година. Во соработка со Центарот за развој на нови бизниси (БСЦ), МРФП го подготви и промовира извештајот „Претприемништвото во Македонија“, како дел од најголемото истражување за претприемништвото во светот (ГЕМ).
МРФП заедно со другите го организираа Европски ден на претприемачот и изборот на Претприемач на годината.

Во мај 2009 г. беше спроведен вториот кредитен рејтинг на МРФП од страна на Микрофинанца од Италија, кој се базираше на податоците од 2006 до 2008 г. како последователни финансиски години по првиот рејтинг во 2006 г. Со Извештајот, МРФП доби кредитен рејтинг ББ+ (2006: ББ).



# ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Целта на програмата е поттикнат локален развој на рурални и маргинализирани заедници преку зголемена партиципација и организациско јакнење.

Во текот на 2009 година со програмата беа спроведени обуки: за раководење со проектен циклус и за раководење со човечки ресурси. Беа одржани неколку работилници: за методологија за процена и одредување локални даноци и такси за претставниците на општинската администрација на 13-те фокус-општини на програмата ЛРЗ; за воведување НАССАП, за дефинирање на приоритетите за реформи во комуналниот сектор, за контрола за загадувањето од отпадни води, за клучни индикатори за изведба (КИИ), за ГИС решенија во ЈКП и работилница со членовите на Комисијата за водоснабдување и третман со отпадни води.
Исто така беа организирани и 4 регионални работилници за состојбите со управување со човековите ресурси во ЕЛС и беше креирана база на податоци за одговорни лица при ЕЛС за управување со човечките ресурси, а беа реализирани и активности за градење на капацитетите на советите на месните заедници, како и активности за јакнење на организацискиот капацитет на Фондацијата за поддршка и развој, Прилеп.

На 8 општини им беа доделени грантови за активности за унапредување и модернизација на општинските услуги, се организира студиска посета на ЈКП во Албанија и во Србија, а се одржа и Регионалната конференција за регулаторна комисија.

Годинава по трет пат беше објавен Адресарот на општините во Република Македонија, а за прв пат се работеше и на подготовка на Профилите на организации, институции и проекти за рурален развој. Во рамките на Проектот „Форуми во заедницата“ (во општина Карбинци) беа реализирани трите проекти избрани од страна на Форумот: Урбано уредување; Мали спортски терени и Детски игралишта.

## АДРЕСАР НА ОПШТИНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) по трет пат го подготвија Адресарот на општините во Република Македонија.
Новиот адресар нуди интересни податоци за сите 84 општини и градот Скопје. Во него, освен основните контакти, презентирани се и демографските податоци, структурната поставеност на општината и податоците за институциите што се под ингеренција на општината. Адресарот нуди податоци за буџетот на општините, за постојните ЈКП, како и податоци за спроведените, тековните и планираните проекти. Адресарот е издаден во електронска форма на македонски, на албански и на англиски јазик.



## ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Целта на програмата е да се обезбеди пристап до доволни количини на здрава вода за пиење во заедниците од општина Јегуновце. Фокусот на оваа програма е да се подобри водоснабдувањето во 11 села од општина Јегуновце, како и во с. Озормиште од општина Желино.
Во текот на 2009 година реализирани беа два проекти: „Инфраструктура за водоснабдување на општина Јегуновце“ и „Кампања за јакнење на јавната свест за водоснабдување“.

## „ЧИСТА СМЕТКА – ЗДРАВА ВОДА“

„Чиста сметка – здрава вода“ беше слоганот на кампањата на МЦМС за јакнење на свеста за водоснабдување во општина Јегуновце.
Кампањата имаше за цел да ја зголеми јавната свест за потребата од индивидуални приклучоци со водомери и плаќање на водата што се користи од новите водоводни системи во општина Јегуновце.
Стартот на кампањата го одбележаа првите едукативни часови за учениците од основното училиште во село Шемшево на тема „Водата живот значи“. Учениците имаа можност да се запознаат и разговараат за водата на планетата Земја, нејзиното кружно движење, зошто ни е потребна чиста вода, последиците од штетната вода, употреба на водата итн. На првите едукативни часови учество зедоа 58 ученици од петто до осмо одделение.
Паралелно со едукативните часови беше дистрибуиран и промотивниот материјал од кампањата (постери, летоци, чаши, торби, запалки, пенкала со логото на кампањата) по домаќинствата во општина Јегуновце, како и информативните средби со жителите организирани во соработка со месните заедници.
На крајот на кампањата беше одржан едукативен настан за учесниците на основните училишта од Јегуновце, од Жилче и од Шемшево. Учениците учествуваа во едукативни активности во цртање, литература и квиз на тема „Водата – живот значи“. На овој настан учество зедоа четириесетина ученици.
„Водата е живот на секој човек од целиот свет. Секоја капка вода вреди цело богатство, но за жал во нашата земја и нашата околина водата се користи неразумно. Ако луѓето ја немаат оваа вода која неразумно се употребува ќе настанат болести во нашето тело“, напиша во нејзината творба Бранкица Блажевска ученичка од осмо одделение од ОУ „Александар Здравковски“ од Јегуновце.



Едукативните часови беа масовно посетени и прифатени со голем ентузијазам

„Водата во нашето село не е толку добра. Кога имаме потреба за вода одиме и полниме во некое друго соседно село. Водата која не е исправна може да создаде различни болести. Денес правото за здрава вода е предуслов на правото за живот“, напиша Леонора Јонузи од основното училиште од Шемшево.
На крајот на настанот на сите деца им беа доделени подароци.



# ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ, ПАРТИЦИПАЦИЈА И ПОЛИТИКИ НАСОЧЕНИ КОН ЛУЃЕТО

## ДОБРО УПРАВУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Целта на програмата е зголемена одговорност на институциите, граѓанските организации и граѓаните.
Во оваа година со активностите беа опфатени мрежите Македонија без дискриминација, Граѓанската платформа на Македонија и Коалицијата за правично судење. Тие одржаа работилници на кои идентификуваа битни прашања за нив. За нив потоа беа подготвени споредбени анализи од страна на стручњаци. Анализите резултираа со акциски планови. За организациите членки на коалициите беше организирана и студиска посета во Лондон и обука за креирање политики.
Во 2009 година продолжија започнатите активностите во рамките на „Форуми во заедниците" во Битола, Ресен и Карбинци, а воедно се започна со работа и во општините Аеродром, Радовиш/Конче и Берово.

### КАКО ДА СЕ ВКЛУЧИМЕ ВО КРЕИРАЊЕТО ПОЛИТИКИ

Претставници на коалициите: Македонија без дискриминација (МБД), Граѓанска платформа на Македонија (ГПМ) и Сите за фер и правично судење имаа можност да учествуваат на обука за „Застапување и лобирање за вклучување во креирање политики". Учесници на обуката беа:

„Вклучувањето на граѓаните и граѓанските организации во креирањето на политиките бара двострана активност: и од владата, но и од граѓанските организации", вели Емина Нурединоска, обучувач.

Учесниците имаа можност да ги слушнат искуствата од Велика Британија и тоа соработката на граѓанските организации со државните институции, механизмите за заштита од дискриминација и стандардите за фер и правично судење. „Посебно ми се допадна презентацијата на искуствата од Лондон" изјави Катерина Конеска од ГПМ, тоа беше можност да се види како функционира англискиот систем". Овие искуства биле доста интересни и за Ѓорѓи Јошевски од Сите за правично судење. „Ми се допадна искуството од Лондон, но сфатив колку е тоа далеку од нас. Реформите што ги имале тие во 2006 година, за нас се многу далечни. Сметам дека промени треба да правиме, ама тие да бидат направени квалитетно, за да не претрпуваа чести корекции", додава Ѓорѓи.

Дел од сесиите на обуката беа посветени на законската рамка во Македонија и на досегашните искуства во оваа област. „Задоволна сум од целата обуката", вели Катерина, „игрите што ги игравме побудија голем интерес кај сите и затоа сметам дека дури и теоријата може да се презентира низ вежби".

Како дел од курсот за застапување и лобирање учесниците поминаа низ идентификацијата на прашањето или проблемот за кое ќе се застапува или лобира, низ целите, партнерствата и сојузите што ќе се направат, низ справувањето со моќ, понатаму разговараше за вклучувањето во креирањето политики, самото креирање политики и на крајот самите анализираа подготвени policy paper.



Дел од учесниците на една од практичните вежби на обуката

## ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦИТЕ

Во 2009 година со цел да се воспостават партиципативни пристапи за определување на приоритетните потреби во заедниците МЦМС спроведуваше активности во 6 општини. Имено, продолжија започнатите активностите во Битола и во Ресен, а наедно започна со работа и во општините Аеродром, Радовиш/Конче и Берово.

Во 2009 година, беа одржани 5 форумски сесии во Ресен и 5 во Битола. Жителите на на Ресен гласаа за проектот „Подобрување на водоснабдувањето во Преспа“, додека битолчани за спортскиот комплекс во училишниот двор на с. Кишава и за проектите Тумбе Кафе–основна инфраструктура, Тумбе Кафе-спортско рекреативен комплекс и Тумбе Кафе-културно историска знаменитост и можност.



Граѓаните на Битола го поздравуваат изборот на приоритетните проекти што ќе се финансираат со средства од програмата

Општините Аеродром, Радовиш/Конче и Берово беа дел од новиот циклус.

Во Берово беше спроведен буџетски форум, каде жителите учествуваа во давањето предлози за вклучување во годишната програма на општина Берово за 2010 година.

Во Радовиш и во Конче се спроведува меѓуопштински форум, каде жителите од двете општини решаваат за проблеми кои ги засегаат двете општини. Тие како тема ја одбраа „Водоснабдување и отпадни води“.

Во општина Аеродром учесниците се одлучија за темата на форумот „Подобрување на условите за образование и работа во училиштата и во градинките”, каде ги дискутираа за своите концепти за решавање различни проблеми во образовно-воспитните установи.



# ВКОРЕНЕТО И ДИНАМИЧНО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

## ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Целта на програмата е овозможувачка околина за ефективно функционирање на граѓанските организации.
Во 2009 година МЦМС продолжи активно да учествува во работата на работната група за подготовка на новиот закон за здруженија и фондации. Беше организирана презентација на Извештајот за спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, се состана Советодавниот комитет за спроведување на Цивикус – Индексот на граѓанското општество (ИГО), а во Брисел, се одржа првата седница на Заедничкиот консултативен комитет на Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК) со Република Македонија (ЗКК).
На тема „Градење капацитети за ЕУ-финансирање“ се организираа 9 обуки за 190 учесници. Осум од обуките беа спроведени за косовските граѓански организации. Се организираа и обуки: за пристап до фондови на ЕУ, за односи со јавноста, за раководење со човечки ресурси, за стратегија за финансиска одржливост, обука за обучувачи и за презентациски вештини. На обуките учествуваа 83 учесници претставници на граѓански организации и други институции.

## СЕ ПОДГОТВУВА НОВИОТ ЗАКОН ЗА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ

МЦМС е посветен на подобрување на правната рамка за граѓанското општество од 1995 година и учествува во работната група на Министерството за правда формирана во 2007 година која дава значаен придонес во подготовката на текстот на новиот закон.



Од еден од состаноците на работната група што работеше на текстот на предлог - Законот

По интензивирањето на активностите, во јуни 2009 година, работната група одржа тридневна работилница во Маврово, а МЦМС продолжи со своето активно учество и поддршка на работната група. По прогресот во подготовката на текстот направен на оваа работилница, членовите во работната група од МЦМС презедоа обврска за доработка на одредбите од предлог-законот.

Работната група се сретна уште шест пати. Во овој период беа одржани и неколку координативни билатерални состаноци со Фондацијата Институт отворено општество Македонија (ФИООМ), Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) и Министерството за правда.

Со новиот Закон за здруженија и фондации се очекуваат неколку новини. Правните и физичките лица, домашните и странските државјани и малолетниците ќе имаат можност за под определени околности да основаат здруженија. Предлог - законот дозволува и неформалното здружување. Една од најголемите и најважните новини за одржливоста на граѓанскиот сектор е можноста организациите да остваруваат приходи, кои мора да бидат искористени за целите на организацијата. Во оваа насока треба да биде и воведувањето на статусот на организација од јавен интерес. Дел од новините како што се воведување поимник на употребените изрази, појасни општи одредби за фондациите, како и престанокот на организациите, значат и појаснување на одредбите од постоечкиот Закон за здруженија и фондации.

Покрај исполнувањето на меѓународните регулативи и практики новиот закон ќе биде насочен и кон решавање на секојдневните пречки и проблеми во развојот на граѓанското општество.

## ЗАПОЧНА СО РАБОТА ЗКК ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО НА ЕУ И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На 25 септември 2009 година, Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК) беше домаќин на првиот Заеднички консултативен комитет (ЗКК) на граѓанското општество на ЕУ и Република Македонија. ЗКК е заедничко консултативно тело кое има за цел да ги набљудува односите помеѓу ЕУ и Република Македонија од гледна точка на граѓанското општество. ЗКК ќе ги промовира контактите и дискусијата помеѓу претставниците на граѓанското општество на двете страни по прашања од заеднички интерес.



Од инагуративниот состанок на ЗКК во Брисел

Членовите на ЗКК го поздравија предлогот на Европската комисија за безвизно патување за граѓаните на Република Македонија и ги повика и другите институции во ЕУ да го следат нејзиниот пример. Членовите на ЗКК исто така бараат, што е можно побрзо, да започнат преговорите помеѓу ЕУ и Република Македонија веднаш штом бидат исполнети одредниците наведени во Пристапното партнерство. На состанокот беа донесени повеќе заклучоци.

Ова новоосновано заедничко тело го сочинуваат 12 претставници од граѓанското општество од ЕУ и од Република Македонија. Членови на македонската делегација се Миле Бошков и Лидија Групчева - претставници на работодавачите; Ванчо Муратовски и Слободан Антовски - претставници на синдикатите и Сашо Клековски и Дарко Алексов – претставници на општиот (различниот) интерес.

Со-претседатели на ЗКК се Владимира Дрбалова од европска и Сашо Клековски од македонска страна.



# ПРИФАТЕНА КУЛТУРНА РАЗНОЛИЧНОСТ, МЕЃУЗАВИСНОТ И ДИЈАЛОГ

## МАКЕДОНИЈА – МОДЕЛ ЗА ДИЈАЛОГ НА КУЛТУРИТЕ

Цел на програмата е подобрување на меѓуетничките односи низ институционализирање успешни модели.

Во рамките на активностите наменети за поддршка на меѓурелигискиот совет во Македонија, беа реализирани обуки: за односи со јавноста, за пристап до фондови на ЕУ и подготовка на апликации и за раководење со човечки ресурси за 37 претставници на верските заедници. Беше спроведена и студиска посета во Холандија за студенти од Православниот богословски факултет и од Факултетот за исламски науки. Со програмата беше поддржано и одржувањето на веб-страницата на Комисијата за односи со верските заедници.

Дел од ова програма беше и анализа на состојбите на немнозинските заедници. Во соработка со Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) беа избрани општините Гостивар, Кичево, Струга и Дебар, каде што се набљудуваа седниците на советите на овие општини и се набљудуваше процесот на примена на Бадинтеровото правило при донесувањето на одлуките кои се однесуваат на културата, јазиците и идентитетот, а наедно беше анализирана и работата на Комисиите за односи помеѓу заедниците.

МЦМС и Медијација Северна Ирска (МНИ) го започнаа проектот „Мост – граѓанско лидерство преку меѓународен дијалог“.

## „МОСТ“ МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И СЕВЕРНА ИРСКА

Низ учење и вмрежување ќе се утврдат прашањата на сегрегација преку создавање и развој на меѓународни врски, размена на добри практики и зајакнување на локалните посредници со меѓународно искуство.

Ова е идејата на проектот МОСТ што во периодот 2010-2012 година ќе го спроведуваат МЦМС и Медијација Северна Ирска (MNI), од Белфаст, со финансиска поддршка на Европската Унија, односно на Европската програма за регионален развој „Инвестирај во својата иднина“.

Идејата за проектот се базира на сличностите на контекстите на Македонија и Северна Ирска, вклучително и на конфликтите и договорите за нивно разрешување (Охридскиот и Велигденскиот), како и искуствата на МНИ и МЦМС од претходните активности.



Сашо Клековски говори на промоцијата на проектот „Мост“ во Парламентот на Северна Ирска

Проектот има три столба. МЦМС е вклучен во првиот – транснационална размена на добри практики. Предвидени се шест разменски посети меѓу Македонија и Северна Ирска и пограничните подрачја на Република Ирска. Посетите се посветени на темите: полиција, локална самоуправа, вера, медиуми, младина, домување.

Проектот го промовираа двајца пратеници во Собранието на Северна Ирска на 25 ноември 2009 година. Свои излагања за проектот имаа Питер О’Рајли – директорот на МНИ и Мери МекАнулти – раководител на проектот, а презентација за Македонија имаше Сашо Клековски – прв извршен директор на МЦМС.

# ПОДДРЖАН ЕВРОИНТЕГРАЦИСКИ ПРОЦЕС И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

## РАКОВОДЕЊЕ СО БАЛКАНСКАТА МРЕЖА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) ја сочинуваат 12 граѓански организации од 9 земји од балканскиот регион: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Косово, Македонија, Романија, Словенија и Србија. МЦМС раководи со Извршната канцеларија на БЦСДН.

### ИСТОРИСКИ ЧЕКОР – БЦСДН РЕГИСТРИРАНА КАКО ПРАВЕН СУБЈЕКТ

Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) по осум години, кога започна како пилот-проект и пет години функционирање како мрежа, на 1 октомври 2009 година е регистрирана како правен субјект. На 6 јули се одржа основачкото собрание каде беа усвоени Статутот и Стратегиската ориентација 2009-2011 и беше избран Советот, Одборот и Извршниот директор.



Учесниците на Осовачкото собрание на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество

Основачи на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество се 11 организации од Балканот: Албанската фондација за граѓанско општество (Албанија), Центарот за развој на невладините организации (Црна Гора), Центарот за информативен сервис, соработка и развој на НВО (Словенија), Центарот за промоција на граѓанското општество (Босна и Херцеговина), Цензура Плус (Хрватска), Граѓански иницијативи (Србија), Диаконија агапес (Албанија), Косовската фондација за граѓанско општество (Косово), Македонскиот центар за меѓународна соработка (Македонија), Асоцијацијата за можности Романија (Романија) и Асоцијацијата Веста (Босна и Херцеговина).

На основачкото собрание беше потврдено дека Извршната канцеларија на мрежата ќе продолжи да работи во рамките на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Извршен директор на БЦСДН е Тања Хафнер Адеми.

# ПАРТНЕРСТВА, ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ПОДДРШКА

## ОДНОСИ СО АКТЕРИ

Соработката на МЦМС се одвиваше со домашни организации и институции, со агенциите членки на Светскиот совет на црквите и со други странски организации.

Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ) ги утврди стратешките цели и насоки на ГПМ, а се усвои и извештајот за спроведувањето на програмата за работа на ГПМ. Претставниците од МЦМС, избрани од страна на ГПМ, активно учествуваа во Заедничкиот консултативен комитет на Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК) со Република Македонија и Националниот совет за европски интеграции (НСЕИ).

МЦСМ е еден од иницијаторите на Сојузот Македонија без дискриминација кој се формализира на 16 јуни 2009 година. Членките работеа интензивно на подготовката и лобирањето за законот за спречување и заштита од дискриминација.

Соработката со единиците на локалната самоуправа и со државните институции беше на вообичаено ниво.

Националниот совет за европски интеграции (НСЕИ) каде членува извршниот директор на МЦМС, Александар Кржаловски како претставник на ГПМ, продолжи активно со својата работа. Се одржаа 10 седници на НСЕИ, на кои се разгледуваа и утврдуваа заклучоци и препораки за активностите на Република Македонија и документите за интеграција во ЕУ.

Регионалната соработка МЦМС, пред сѐ, ја остварува преку Балканската мрежа за развој на граѓанското општество, чиј основач и член е таа. Соработката со Делегацијата на Европската комисија и воопшто со Европската комисија во 2009 г. се реализира преку повеќе активности, каде Делегацијата на Европската комисија одржа неколку консултации во врска со Извештајот за напредокот на Република Македонија, компонентите на ИПА, повикот за проекти во рамките на ЕИДХР и др.

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во текот на 2009 година издадени се 12 броја на е-билтенот. Годишниот извештај е издаден во електронска форма (на ЦД) на македонски, на албански и на англиски јазик. На крајот на претходната година, МЦМС ја публикуваше новата веб-страница. Веб-страницата постојано се ажурира, а дел од нејзините содржини се публикуваат и на други социјални медиуми овозможувајќи на тој начин поголема видливост на работењето на МЦМС. Во 2009 година беа остварени вкупно 100 настапи во медиумите.

## ПОДДРШКА – ОДРЖЛИВ МЦМС

Во текот на годината беа подготвени и поднесени 26 апликации до 11 различни донатори, од кои 10 беа одобрени, 11 одбиени, а за 6 одлучувањето е во тек. Трите апликации кои беа во тек на крајот од 2008 г. не беа прифатени.

## КАМПАЊИ ЗА МОБИЛИЗАЦИЈА НА ФОНДОВИ

Целта на програмата е придонес кон финансиската одржливост на МЦМС преку јакнење на јавната свест за  одреден актуелен проблем и негово ублажување или решавање.
Во 2009 година заврши спроведувањето на програмата. Се издаде Адресарот на организациите на иселениците и се публикуваа двете истражувања: Општествена одговорност на граѓаните и Односот кон традиционалните(секуларните) вредности во Македонија.

## ПРВ АДРЕСАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА

МЦМС и Агенцијата за иселеништво на Република Македонија го издадоа првиот Адресар на организациите на иселениците од Македонија.
Адресарот има за цел да ја подобри информираноста за организациите на иселениците од Македонија, како меѓу нив самите, така и кај пошироката македонска јавност. Тој презентира информации за 584 организации, од вкупно 25 земји.



Адресарот ќе биде корисна алатка за меѓуиселеничката комуникација

„Задоволни сме од овој прв потфат но, во исто време и свесни сме дека Адресарот има само основни контакт-информации за организациите на иселениците и дека во иднина треба да се надградува“, рече на промоцијата Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС. Очекуваме ова да биде предизвик и за организациите кои се и оние кои не се дел од ова прво издание, па заедно во иднина да направиме адресар кој ќе има повеќе информации за самите организации и нивните активности“, додаде тој.

На промоцијата присуствуваше и Методија Колоски, претседател на Обединетата македонска дијаспора, организација на иселениците од Македонија со седиште во Вашингтон. „Задоволни сме што добивме едно вакво издание“, рече на промоцијата Колоски. „На дијаспората ѝ требаат вакви информации за да ѝ ја олеснат меѓусебната комуникација, а секако и за подобра комуникација на организациите и граѓаните од Македонија со организациите на иселениците“, додаде тој.

## НОВА ПРОВЕРКА НА ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ

МЦМС веќе неколку години ја истражува општествената одговорност на граѓаните. Тоа овозможува да се видат движењата во општеството и планирањето да се направи на основа на проверени информации, наместо на основа на претпоставки.

Новото истражување покажа дека јавниот дух се поместил кон умерен. Малцинство од граѓаните (40,4%) преку учество на протести се обидуваат да ги искажат своите ставови, а мал е интересот и за активно вклучување во доброволните активности во заедницата (само 27,4% волонтирале во такви акции).

Мнозинство од граѓаните (51,9%) сè уште ја доживуваат државата како најодговорна во решавањето на општествените потреби.

Вербата во солидарноста на граѓаните е зголемена на 49,3% од 39,3 % во 2007 година, а расте и бројот на луѓето што даруваат од 64,6% минатата, на 70,9 % оваа година.

Секој четврти граѓанин е член на граѓанска организација, а половина од нив се неактивни. Политичките партии мобилизираат повеќе граѓани. Граѓаните најчесто се дружат со членовите на потесното/поширокото семејство и пријателите.

Поразителни се информациите за одговорноста за заштита на животната средина. Само еден од пет граѓани чувствува одговорност за зачувување на животната средина.

МЦМС за прв пат ги истражуваше односите кон традиционалните (секуларните) вредности во Македонија. Истражувањето покажа дека Македонија е традиционална или социјално конзервативна средина. Поддршката на традиционалните вредности, односно неоправданоста, изнесува од 58,9 % за разводот, до 91,6 % за хомосексуалноста. Тоа е потврдено и со Прегледот на светските вредности, односно во Македонија се зајакнуваат традиционалните вредности.



# ОРГАНИЗАЦИЈА

Во мај 2009 година беше избран новиот состав на Управниот одбор на МЦМС. Беа избрани 8 члена од 11 номинирани кандидати за членови на Управниот одбор (УО). Ризван Сулејмани е избран за претседавач на УО, а Кочо Анѓушев за заменик-претседавач. Во 2009 г. се спроведе процедурата за комплетирање на Одборот на директори. Номинацискиот комитет го номинира, а Управниот одбор го избра кандидатот Александар Кржаловски за извршен директор на МЦМС.

## СОВЕТ

- Ахмет Јашаревски
- Бехиџудин Шехапи
- Беким Имери
- Билјана Герасимовска-Китановска
- Владимир Тодоровиќ
- Газменд Ајдини
- Дилбера Камберовска
- Душица Перишиќ
- Душко Кантарџиев
- Ѓоко Ѓорѓевски
- Ѓунер Исмаил
- Елена Николова
- Звонко Шавревски
- Ило Трајковски
- Јагуп Селимоски
- Келменд Зајази
- Кочо Анѓушев
- Михаил Цеков
- Пепо Леви
- Рами Ќерими
- Ратко Лазаревски
- Ризван Сулејмани
- Славко Велевски

## УПРАВЕН ОДБОР

1. **Ризван Сулејмани**, претседавач, доктор по политички науки, директор на Институтот за политички и меѓукултурни студии во Скопје

2. **Кочо Анѓушев**, заменик-претседавач, доктор по технички науки

3. **Билјана Герасимовска-Китановска**, доктор по општа медицина, магистер по нефрологија, вработена во Клиничкиот центар Скопје, член на ЕСЕ – Скопје

4. **Бехиџудин Шехапи**, претседател на Ел хилал, Скопје

5. **Горан Михајловски**, главен и одговорен уредник на „Вест“

6. **Ѓоко Ѓорѓевски**, Македонска православна црква

7. **Јагуп Селимоски**, Исламска верска заедница во Република Македонија

8. **Славко Велевски**, градоначалник на општина Могила

## ПЕРСОНАЛ

На крајот на 2009 година, МЦМС има 20 соработници.

## ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА

Прв извршен директор
**Сашо Клековски**
skl@mcms.org.mk

Извршен директор
**Александар Кржаловски**
akr@mcms.org.mk

Група за развој



**Димче Митрески**
dmt@mcms.org.mk

***Миодраг Колиќ**

Група за вработување



**Тетјана Лазаревска**
tlz@mcms.org.mk

**Лазар Неданоски**
lnd@mcms.org.mk

**Глигор Михаиловски**
gmh@mcms.org.mk

***Лирим Хајредини**

***Афродита Муслиу**

Група за граѓанско општество



**Емина Нурединоска**
enr@mcms.org.mk

**Фатмир Битиќи**
fbt@mcms.org.mk

**Валентина Чичева**
vch@mcms.org.mk

**Даниела Стојанова**
dsj@mcms.org.mk

**Кренар Кука**
kkk@mcms.org.mk

***Сунчица Саздовска**

Група за информации



**Гонце Јаковлеска**
gjk@mcms.org.mk

**Грамоз Шабани**
gsb@mcms.org.mk

**Адис Рахиќ**
arh@mcms.org.mk

**Борис Ристовски**
brs@mcms.org.mk

Односи меѓу заедниците и Балкан
**Тања Хафнер Адеми**
thf@mcms.org.mk

**Дервиша Хаџиќ-Рахиќ**
dhd@mcms.org.mk

***Зденка Виденова**

Административна група
**Милка Божиновска-Миова**
mmv@mcms.org.mk

**Данило Митов**
dmv@mcms.org.mk

**Весна Богдановска**
vbg@mcms.org.mk

***Мирјана Куновска**

***Биљана Вучуревиќ**

*Лицата кај кои не е наведена e-mail адреса, не се веќе во работен однос во МЦМС.

# НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

**Deloitte.**

Deloitte DOO
Mit. Teodosij Gologanov 28
1000 Skopje
Republic of Macedonia

Tel: +389 (2) 3111 300
Fax: +389 (2) 3119 544
cemkmacedonia@deloittece.com
www.deloitte.com/mk

Central Register of RM
Registry Number 4881427
Komercijalna Banka AD, Kej Dimitar Vlahov, Skopje
Acount no. 300-0000000910-22
VAT MK 4030994253680

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**До Советот на Македонски центар за меѓународна соработка**

Извршивме ревизија на приложените финансиските извештаи (стр. 3 до 28) на Македонски центар за меѓународна соработка (во понатамошниот текст "МЦМС"), кои се состојат од извештајот за финансиската состојба на ден 31 декември 2009 година и билансот на приходи и расходи, извештајот за промените во главнината и извештајот за парични текови за годината што тогаш завршува и преглед на значајни сметководствени политики и останати белешки кон финансиските извештаи.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали истото е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во дадените околности.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на МЦМС со цел дизајнирање на ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на МЦМС. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Македонски центар за меѓународна соработка на ден 31 декември 2009 година, како и резултатите од работењето, промените во главнината и паричните текови за годината што тогаш завршува во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Дилоит ДОО

Лидија Нануш
Овластен ревизор
Директор

Јовица Стојчевски
Овластен ревизор

Скопје
9 март 2010 година

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2009

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2009 ГОД.

(во илјада македонски денари, 1ЕУР=61.1741 МКД)

| Опис | Заб. | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| А.СРЕДСТВА | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности и опрема | 12 | 13,970 | 14,907 |
| Долгорочни депозити | 13 | 7,696 | 7,662 |
| Долгорочни вложувања | 14 | 660 | 350 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **22,326** | **22,919** |
| **Тековни средства** | | | |
| Краткорочни заеми | 15 | 38,500 | 16,700 |
| Побарувања од купувачи и други побарувања | 16 | 14,589 | 12,136 |
| Пари и парични еквиваленти | 17 | 49,156 | 75,365 |
| **Вкупно тековни средства** | | **102,245** | **104,201** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **124,571** | **127,120** |
| Б. ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ | | | |
| **Главнина** | | | |
| Фондови | 18 | 99,749 | 106,132 |
| Вишок на расходи над приходи за годината | 18 | (1,212) | (6,383) |
| **Вкупно главнина** | | **98,537** | **99,749** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Резервации за користи за вработените и јубилејни награди | 19 | 416 | 342 |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи и други обврски | 20 | 1,418 | 2,250 |
| Одложени приходи | 21 | 14,421 | 18,081 |
| Пресметани трошоци | 22 | 9,779 | 6,698 |
| **Вкупно тековни средства** | | **25,618** | **27,029** |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **124,571** | **127,120** |

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2009 ГОД.

(во илјада македонски денари, 1 ЕУР = 61,1741 МКД)

| Опис | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| А.ПРИХОДИ | | |
| **Донации и грантови** | | |
| Норвешка асоцијација на општини (КС) | 28,711 | 9,000 |
| Црковен развоен сервис (ЕЕД), Германија | 14,807 | 17,209 |
| Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ) | 10,199 | 1,923 |
| Сокотаб, Швајцарија | 3,059 | 4,607 |
| Норвешка црковна помош (НЦА) | 3,009 | 2,814 |
| Филип Морис, САД | 2,936 | - |
| ЕУ (Прогрес, ЕИДХР) | 1,390 | 4,807 |
| ДАНИДА/ДЦА | - | 2,768 |
| Останато | 4,288 | 1,823 |
| **ВКУПНО ДОНАЦИИ И ГРАНТОВИ** | **68,399** | **44,951** |
| **Сопствени приходи** | | |
| Приходи од останати социјални активности и обуки | 3,964 | 7,571 |
| Македонска развојна фондација за претпријатија (МРФП) | 7,420 | 7,429 |
| Приходи од непотрошени средства без обврска за враќање | 384 | 1,518 |
| Приходи од повратен ДДВ за социјални програми | 627 | - |
| Позитивни курсни разлики | 196 | 205 |
| Рефундирани патни трошоци | 129 | 729 |
| Наплатени трошоци од вработени | 112 | 679 |
| Наплатени штети од осигурителни компании | 32 | - |
| Наплатени штети | - | 1,818 |
| Капитални добивки од продажба на опрема | - | 769 |
| Отпис на обврски | - | 198 |
| Вишоци | - | 122 |
| Останато | 3 | 35 |
| **Вкупно сопствени приходи** | **12,867** | **21,073** |
| Камати и позитивни курсни разлики | 5,740 | 2,850 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **87,006** | **68,874** |
| Б. РАСХОДИ | | |
| **Добротворни расходи** | | |
| Водоснабдување на општина Јегуновце (ВОЈ) | 28,951 | 6,129 |
| Локален развој на заедниците (ЛРЗ) | 7,391 | 6,280 |
| Проекти за модернизација на образо. (ПМО) | 5,187 | 4,310 |
| Македонија без дискриминација (МБД) | 4,020 | 8,925 |
| Добро управување во Мак. (ДУМ) | 3,682 | 380 |
| Модел за дијалог меѓу културите (МДК) | 2,235 | 0 |
| Институцион. развој на граѓ. општетсво (ИРГ) | 2,162 | 1,000 |
| Раково. со Балканската мрежа за ГО (РБМ) | 619 | 703 |
| Кампањи за мобилизација на фондови (КМФ) | 451 | 3,182 |
| Завршени програми во минати години | 1,619 | 945 |
| Меѓурелигиска соработка во Македонија (МСМ) | - | 3,035 |
| Организациско јакнење на актерите на ГО (ОРР) | - | 2,271 |
| **Вкупно добротворни расходи** | **56,317** | **37,160** |
| **Оперативни расходи** | | |
| Плати и надоместоци за персоналот | 17,372 | 20,226 |
| Други оперативни расходи | 13,510 | 16,618 |
| Информации и публикации | 625 | 885 |
| **Вкупно оперативни расходи** | **31,507** | **37,729** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **87,824** | **74,889** |
| **БИЛАНС пред оданочување** | **-818** | **-6,015** |
| Данок | -394 | -368 |
| **БИЛАНС** | **-1,212** | **-6,382** |

Издавач
Македонски центар за меѓународна соработка

Адреса на издавачот
Македонски центар за меѓународна соработка
ул. „Никола Парапунов“ 6б,
п.фах 55, 1060 Скопје
Република Македонија

Тел.: 02/3065-381; факс: 02/3065-298
e-mail: mcms@mcms.org.mk
www.mcms.org.mk

Прв извршен директор
Сашо Клековски

Извршен директор
Александар Кржаловски

Одговорен уредник
Гонце Јаковлеска

Помошник-уредник
Грамоз Шабани

Лектор
Даниел Медароски

Фотографии
Фотоархива на МЦМС

Графички дизајн
Кома лаб.

МЦМС